Уп. Бр.08-104/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Напредна енергетска рјешења д.о.о., со седиште на Фалерово шеталиште 22, Загреб, Хрватска, преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје на седницата одржана на ден 21.10.2021 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на единствена директна контрола од страна на друштвото Напредна енергетска рјешења д.о.о., со седиште на Фалерово шеталиште 22, Загреб, Хрватска над Далековод д.д., со седиште на Маријана Чавица 4, Загреб, Хрватска по пат на директно стекнување на мнозински дел на основна главнина, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

# О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 15.09.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Напредна енергетска рјешења д.о.о., со седиште на Фалерово шеталиште 22, Загреб, Хрватска, со која Напредна енергетска рјешења д.о.о., ќе стекне единствена директна контрола над Далековод д.д., со седиште на Маријана Чавица 4, Загреб, Хрватска, по пат на директно стекнување на мнозински дел на основна главнина.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Напредна енергетска рјешења** е новоосновано друштво, кое во моментов не врши никакви деловни активности. Напредна енергетска рјешења е основано под заедничка контрола на Кончар улагања доо (Končar ulaganja doo) и Констракшн Лајн Лимитед (Construction Line Limited).

**Кончар Улагања доо**, со регистрирано седиште на Фалерово Шеталиште 22, Загреб, Хрватска,е активно во обезбедување на деловен и менаџмент консалтинг, советување на правни лица за структура на капиталот, деловна стратегија и слични прашања. Кончар улагања доо е друштво во сопственост на **Кончар-Електроиндустрија д.д.** со регистрирано седиште на Фалерово Шеталиште 22, Загреб, Хрватска. Кончар улагања доо заедно со Кончар-Електроиндустрија д.д. и 12 други поврзани друштва ја формираат Кончар Групата.

**Кончар Групата** е вклучена во активности на производство на опрема и погони за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија, како и железнички возила и опрема за употреба во областа на транспортот и индустријата.

**Констракшн Лаін Лимитед**, друштво основано според законите на Малта, со регистрирано седиште во Силема, Канцеларија 2, Улица Адриан Дигли 53 има за своја примарна дејност увоз, дистрибуција и снабдување со природен гас, како и управување со инвестиции. Констракшн Лаін Лимитед не остварува приходи од работење, односно неговите приходи се финансиски приходи, а не оперативни приходи.

**Далековод д.д.** е друштво присутно на хрватскиот пазар од 1949 година, особено на пазарот за проектирање, производство и изградба на далекуводи, трафостаници и инфраструктура. Далековод д.д. е владејачко друштво на Групацијата Далековод, која се состои од повеќе друштва во Република Хрватска и во Европа.

Далековод д.д има регистрирано подружница во Северна Македонија - ДАЛЕКОВОД Акционерско друштво за инжењеринг, производство и градење Загреб, Подружница ДАЛЕКОВОД Скопје со седиште на ул. Никола Парапунов бр. 41 - објект 5/бр. 22, Скопје – Карпош, со регистрирана дејност производство на метални конструкции и делови на конструкции.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

Проф. д-р Владимир

Наумовски